**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2016 година и утврдување на дивиденден календар (арх. бр. 105787/1 од 22.03.2017 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2016 година (арх. бр. _________ од 24.04.2017 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 24.04.2017 година, ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за исплата на дивиденда на Друштвото за 2016 година и утврдување на дивиденден календар

### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2016 година во вкупен бруто износ од 1.251.598.222,00 денари (една милијарда двеста педесет и еден милион петстотини деведесет и осум илјади и двеста дваесет и два денари), кој претставува нето добивка остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2016 година подготвени во согласност со општо прифатените сметководствени принципи во Република Македонија.

Бруто износот на дивиденда по акција е 14,510458866 денари (четиринаесет денари и педесет и еден дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, од бруто износот на дивиденда, доколку е применливо, при исплатата ќе ги задржи и уплати сите даноци, согласно важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Датумот на пресек на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2016 година е 12.05.2017 година.

### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2016 година е 09.05.2017 година.

### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2016 година е 10.05.2017 година.

### Член 5

Исплатата на дивиденда за 2016 година ќе се изврши до 30.09.2017 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите за исплатата на дивидендата со објава на веб-страницата на Друштвото како и со известување преку Македонската Берза за Хартии од Вредност, по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда на Друштвото за 2016 година и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**